MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-820/2

20-04-2021 г./v.

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), Државната комисија на 47 - та седница, второ продолжение, одржано на ден 13.04.2021 година донесе

## Одлука

Постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата по предмет број 09-2666/1 од 09.05.2019 година **СЕ ЗАПИРА.**

При утврдувањето на фактичка состојба, Државната комисија констатира дека кај службеното лице ----------, претседател на Управниот одбор – претставник на основачот (Влада на РСМ) на ----------- постоел судир на интереси при носењето одлуки за користење на адвокатски услуги за потребите на студентскиот дом. Поради утврдена повреда на член 72, член 73 став 1 и 3 и член 75 став 1 од ЗСКСИ, ДКСК до Владата на РСМ достави Иницијатива за поведување постапка за утврдување одговорност за ---------. Во рамки на своите надлежности, Владата на РСМ го разреши од должност ---------- член на Управниот одбор – претставник на основачот на --------------, поради што **ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот.**

Предметот со број 09-2666/1 од 09.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со бр. 09-2666/1 од 09.05.2019 година е оформен по поднесено барање на мислење од страна на директорката на -------------, ------------------ во однос на постоење судир на интереси од причина што претходната директорка на домот, ------------ на ден 20.02.2018 година склучила Договор за адвокатски услуги, со месечен надомест, со адвокат ----------- од Скопје, син на службеното лице – ------------ претседател на Управниот одбор на овој студентски дом. Согласно наведеното, директорката прашува дали постои судир на интереси кога таткото е претседател на Управниот одбор на истиот дом, а во истата институција е ангажирана адвокат кој е негов син.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК се обрати до ----------- со Барање за доставување на податоци и информации со бр. 09-2666/2 од 24.10.2019 година, кое се однесува на наведениот договор за вршење адвокатски услуги, записници од седници на Управниот одбор на

------------- на кои се расправало и одлучувало за склучување на овој договор, како и информации и документи дали во наведениот периодот постојат извршени услуги за кои ------------- има исплатено средства на адвокатската канцеларија.

По разгледување на доставената документација од страна на директорката на Државниот студентски дом --------------, ------------ со бр.09-2666/3 од 18.11.2019 година, а која се однесува на наведеното барање од ДКСК, констатирано е следното:

Со одлука на Влада бр.24-3724/1 од 11.07.2017 година лицата -------------, ----------- и --------, се именувани за членови на УО на -----------. На седница на Управниот одбор на Државниот студентски дом ------------- одржана на ден 19.10.2017 година под Точка 2 од Дневниот ред утврден е мандатот на членовите на Управниот одбор.

Четири мсеци по конституирање на Управниот одбор на ДСД -----------, на ден 15.02.2018 година одржана е седница на која Точка 4 од Дневниот ред е: *Донесување на Одлука за склучување на договор за користење на адвокатски услуги.* Констатирана е потребаод склучување на договор за ваков вид на услуги поради тоа што во домот немало вработено лице за извршување на правните работи, поради што се предлага да се склучи договор за користење на адвокатски услуги, предлогот се гласа и истиот е усвоен. На истата седница, претседателот на УО на ------------, -------------, полноправно присуствува и гласа за предложената одлука и го потпишал изготвениот Записник со бр. 02-133/1 од 15.02.2018 година. Донесена е Одлука со бр. 02-133/4 од 15.02.2018 година за склучување на договор за користење на адвокатски услуги исто така потпишана од претседателот на УО, ---------------.

Договорот за адвокатски услуги склучен е на ден 20.02.2018 година под бр. 03-143/1, помеѓу адвокат ----------- – Скопје и Државниот студентски дом -------------, преку В.Д. директор ------------, за период од една година со можност за продолжување со Анекс кон договор или со автомастско продолжување на истиот за период на една година.

На ден 10.09.2019 година, новоименуваната директорка на Државниот студентски дом -----------, го известува адвокат ------------- со допис бр. 03-299/3 дека во врска со неговото Укажување испратено на службената меил адреса на Домот од 03.09.2019 година, горенаведениот договор се смета за раскинат заклучно со 03.12.2019 година. На адвокатот ------------- исплатени се 217.000 денари по основ на фактури од страна на Државен студентски дом --------------.

До ДКСК доставена е анонимна пријава со бр. 09-2666/4 од 25.11.2019 година со дополнителни наводи во однос на конкретниот случај, дека во Одлуката донесена од УО на Државниот студентски дом -------------- наведени се лажни податоци дека во домот нема вработено лице за извршување на правни работи. Адвокатските услуги од страна на наведениот адвокат не биле дадени, немало извештај за извршени услуги.

ДКСК повторно се обрати до Државниот студентски дом ------------- со Барање за достава на податоци со бр. 09-2731/1 од 17.08.2020 година во врска со предметите во кои судови истиот адвокат го застапувал ДСД --------------, со прилог на релевантна документација. Исто така, побарано е од домот дополнително објаснување за начинот на кој е избран адвокат Адвокат ------------- за давање адвокатски услуги на ДСД --------------, актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места за период од 2018 – 2019 година, информација колку и кои од работните места се потполнети (за истиот период) и опис и попис на работните задачи.

Директорката на Државниот студентски дом -------------, --------------- ја информираше ДКСК преку допис со бр. 09-2731/2 од 03.09.2020 година дека ангажирањето на адвокатот ---------- го извршила претходната В.Д. директорка ----------. Од адвокатот добивале правни совети поврзани со измените за систематизација на работните места, изработувал решенија за прекин на договори, договори за вработување и сл. Исто така, директорката наведува дека во периодот што следи, ќе имале судски постапки и расправи и сакале како институција повторно да го ангажираат истиот адвокат, по што бара мислење од ДКСК дали има судир на интереси затоа што член на УО на ДСД --------------- повторно е именувано службеното лице ------------ со Решение од Владата на РСМ со бр. 20-5090/1 од 29.05.2020 година.

ДКСК, до Државниот студентски дом --------- достави Мислење со бр. 09-2731/3 од 17.12.2020 година дека согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси **во конкретната ситуација постои судир на интереси**.

Имено, претседателот на Управниот одбор на ДСД --------- согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е службено лице кое во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување. Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, секое службено лице е должно да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен. Во конкретниот случај, ќе настане состојба на судир на интереси доколку ДСД -------------- повторно склучи Договор за адвокатски услуги со адвокатот ----------- – Скопје за правно застапување и давање адвокатски услуги за потребите на државниот студентски дом.

**При ваква фактичка состојба, ДКСК утврди дека лицето ---------, член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом ---------, постапил спротивно на член 72, член 73 став 1 и 3, член 75 став 1 *од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси*.**

Имено, службеното лице -------------, спротивно од наведените одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не внимавал на потенцијалниот судир на интереси и не презел мерки за негово одбегнување, по што учествувал во расправа и гласал за склучување на договор за адвокатски услуги, за да подоцна се склучи договор со негово блиско лице (син) и институцијата каде тој е член на Управниот одбор, односно каде тоа службено лице извршува јавни овластувања и должности.

Службеното лице --------- ***не*** **постапил согласно член 3 став 1 и 2 и член 4 од истиот закон**, односно кога дознал за околностите што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, бил должен веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување, и воедно да побара мислење од ДКСК за конкретната ситуација. Од друга страна, истиот **не смеел да дозволи** склучување на Договор за адвокатски услуги помеѓу Државниот студентски дом -------- и неговото блиско лице, односно ја искористил функцијата за да изврши дејствие кое според закон не смее, по што се водел од лични и семејни врски, спротивно од начелото на интегритет и се довел во состојба на судир на интереси.

Истовремено, согласно член 73 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно наведениот закон.

ДКСК смета дека, постапувајќи на овој начин, спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, горенаведеното лице ги повредило и начелата на законитост и интегритет при извршување на своите јавни овластувања и должности, односно постапило спротивно од член 3 став 1 и 2 и член 4 од ЗСКСИ.

Согласно погоре наведените причини, ДКСК на 42 та седница одржана на 11.12.2020 година донесе заклучок и му предложи на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, согласно своите надлежности да поведе постапка за утврдување на одговорност на службеното лице --------, член на Управниот одбор – претставник на основачот на --------------.

Заменик претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски, достави известување со бр. 10-2427/1 од 17.02.2021 година дека Владата на РСМ на 44 та седница одржана на ден 09.02.2021 година го разреши ---------- од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом -----------.

На седницата одржана на ден 13.04.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека после доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на лицето ----------- и неговото разрешување од страна надлежен орган, ДКСК нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., советник
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk